РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 04-4363/37
.2020 год.
Скопје

Врз основа на член 52 став 1 и став 2 од Законот за административни службеници (Сл. весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 14/20), Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за животна средина и просторно планирање , Државниот секретар на Министерството за животна средина и просторно планирање донесе :

# ОДЛУКА

**за избор на кандидатот по интерен оглас бр.1/2020 за унапредување на административни службеници во Министерството за животна средина и просторно планирање**

1. Кандидатот Билјана Јовановска по пат на интерен олгас број 1/2020 објавен на 26.10.2020 година година се избира на работно место УПР 01 01 В01 000, Советник за подготовка на Национална Програма на усвојување на правото на ЕУ, Одделение за усогласување на правото и преговори, Сектор ЕУ-1 (еден) извршител.

2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас бр. 1/2020 со архивски бр. 04-4363/27 од 04.11.2020 година.

3. Именуваната ќе биде унапредена на работнот место од став 1 по конечноста на одлуката .

4. Одлуката влегува во сила на денот на донесувањето.

Образложение

Врз основа на добиеното известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии со архиски број 04-413/13 од 08.10.2020 година, министерот на Министерството за животна средина и просторно планирање упати барање со архивски број 04-4363/1 од 22.10.2020 година за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници во Министерството за животна средина и просторно планирање. Одделението за управување со човечки ресурси објави интерен оглас број 1/2020 за унапредување на 10 (десет) административни службеници во Министерството за животна средина и простоно планирање и исправка на оглас, објавен на ден 26.10.2020 година на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање и на веб страната на Агенцијата за администрација. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници, формирана од страна на Државниот секретар, со Решение за формирање на комисија за селекција за унапредување на административен службеник со архивски број 04-4363/5 од 02.11.2020 година, направи административна селекција и одржа интервју со соодветните кандидати коишто ги исполнуват условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за животна средина и просторно планирање . Врз основа на освоените бодови од административна селекција и освоените бодови од интервјуто, комисијата состави Записник од административната селекција за интерен оглас број 1/2020 за унапредување на административни службеници со архивски број 04-4363/19 од 04.11.2020 година, Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју со архивски број 04-4363/27 од 04.11.2020 година, изготви Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за ибор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас број 1/2020 со архивски 04-4363/27 од 04.11.2020 година.

Врз оснона на ранг листата, Државниот секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на ова одлука, ќе се донесе решение за унапредување на именуваниот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенција за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Државен секретар

Каја Шукова

Доставено до:

- Именуваниот
- Архива
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Сметководство